ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Национална установа Национална опера и балет

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка за средства од самофинансирачки активности (787) за 2020 година.

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- отсуство на интерни акти и процедури за процесот на остварување и евидентирање на приходите, како и за условите и критериумите за доделување на гратис билети;
- неусогласености помеѓу извештаите за остварени приходи од одржани претстави, годишниот фискален извештај и уплатените средства во благајна;
- средствата остварени од продажба на билети не се предаваат секој ден во благајна по извршена продажба.

**Издадено мислење*:**
Изразено е неповолно мислење во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2020 година.

**Клучни препораки:**
- изготвување на процедура за евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната во која ќе бидат опфатени сите контролни механизми и постапки;
- да се воспостави пракса на континуирано усогласување на извршените наплатени средства од дадените услуги, уплатените средства во благајна и уплатените средства на сметка на установата;
- паричните средства од дневниот пазар примени во готово да се уплатуваат најдоцна наредниот работен ден на сметката на установата.

**Клучни системски слабости:**
/

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
/

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018